Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
бр. 04-900/14
31.10.2024 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 45 Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/2014 ,48/2015 ,154/15,05/16, 11/18 и Сл. Весник на РСМ 275/19,14/2020, 215/21 и последна измена 99/22), и член 22 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола,ВД Директорот на КЈП Нискоградба Битола на ден 31.10.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас бр.230/2024

1.На јавниот оглас бр.230/2024 за вработување на административен службеник на работното место со Шифра КДР 01 02 Г03 117 Референт благајник - еден извршител, во Одделението за финансиски и сметководствени работи, Сектор за финансии,сметководство и комерција при КЈП Нискоградба Битола.

**Се избира кандидатот Силвана Печалева со идентификациски код F4C7C4C.**

2.Именуваната ќе биде вработена на неопределено време за горенаведеното работно место, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение, односно ќе се склучи договор за вработување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По барање на КЈП Нискоградба Битола, Агенцијата за администрација објави јавен оглас за вработување на административен службеник бр.230/2024 на ден 06.09.2024 година во дневните весници „Нова Македонија„, „ Слободен печат„ и „Коха„, за вработување на 1(еден) извршител на неопределено време на работно место КДР 01 02 Г03 117, назив Референт благајник во Одделението за финансиски и сметководствени работи, Сектор за финансии, сметководство и комерција при КЈП Нискоградба Битола.

Со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација, бр.10-1303/3 од 16.09.2024 година формирана е Комисија за селекција по јавниот оглас. Комисијата за селекција по спроведување на сите фази од постапката за селекција за вработувње и тоа: Административна селекција спроведена на ден 23.09.2024 година, со Записник бр.10-1303/4 од 23.09.2024 година, спроведен испит за административен службеник со записник бр.10-1303/7 од 28.10.2024 година, спроведена постапка за веродостојност на докази и интервју за административен службеник, со записник бр.10-1303/8 од 29.10.2024 година, во просторијата на Агенцијата за администрација изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција по јавниот оглас бр.230/2024.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Агенцијата за администрација до КЈП„Нискоградба„Битола достави конечна ранг листа и предлог на кандидати за вработување бр. 10-1303/9 од 29.10.2024 година,а наш број 04-900/13 од 30.10.2024 година заради донесување на Одлуки за избор.

ВД Директорот на КЈП Нискоградба Битола го прифати предлогот на Агенцијата за администрација и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8(осум) од денот на објавувањето на истата на веб страната на Агенцијата.

КЈП Нискоградба -Битола
ВД Директор
_______________________
/Зоран Талевски/